**20182244043**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 16, став 6 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 209/18), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за одговорното лице на единката корисник односно градоначалникот е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-8046/1
30 ноември 2018 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р.

Прилог

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Број________________
Датум __________година
во____________часот

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локална самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски („Службен весник на Република Македонија“ бр. 209/18), финансискиот инспектор издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

□ за градоначалникот на општината
□ за одговорното лице на единка корисник

| | |
|---|---|
| **А** | ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНАТА, ОДНОСНО ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА ЕДИНКА КОРИСНИК |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: | | ЕМБГ: |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање: | Адреса на живеалиште или на привремен престој: |
| Број на лична карта/ патна исправа | Датум и место на издавање: | Орган кој ја издал: |

| | |
|---|---|
| **Б** | ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА/ЕДИНКА КОРИСНИК |
| Назив: | |
| Седиште: | |
| ЕДБ: | |

| | |
|---|---|
| **В** | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕН ПРЕКРШОК |
| Место, датум и време на сторување на прекршокот: | |
| Опис на прекршокот | |

| | |
|---|---|
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдената глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | Со Налог за јавни приходи (образец ПП 50) на трезорска сметка 100000000063095 уплатна сметка 840-xxx (ознака на општина) – 05514, приходна шифра 722154 и програма 00, со цел на дознака уплата на глоба по Прекршочен платен налог број__________. |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до финансискиот инспектор. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на прием на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

| | |
|---|---|
| Сторител на прекршок | Финансиски инспектор |
| ______________________________ | ______________________________ |
| *име,презиме и своерачен потпис | *име,презиме и своерачен потпис |